*Локална установа библиотека*
*„Благој Јанков Мучето“*
*Ул. Благој Мучето бр. 26 2400 Струмица*
*Тел. 034/349-040, 034/349-042*
*www.bibliotekastrumica.org.mk*
*email: bibliotekastrumica@yahoo.com*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на
## ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
## „БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО“ - СТРУМИЦА
## за 2023 година



**Струмица, 2024**

Извештај за работата на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето" Струмица за 2023 година е законска обврска согласно член 35 од Законот за култура. Финансирањето на дејноста на локалните библиотеки кои се обезбедува на начин и постапка утврдени со закон, библиотеката до Советот на Општина Струмица и до Министерството за култура доставува извештај за работа и финансиски план, според член 14 од Закон за библиотеки и член 13 од Статутот на ЛУБ„Благој Јанков Мучето" - Струмица.

## ***<u>Вовед</u>***

Со извршувањето на програмските задачи во библиотеката се настојуваше успешно да го оствари она кон што се стреми – значаен културен и информативен центар на локалната заедница. Во таа насока се работеше на истражување, набавка, собирање, стручна обработка, заштита, чување, информирање и давање на користење на библиотечниот материјал и редовно се појавуваше како издавач на дела на роднокрајни автори. За да се задоволат потребите од одреден вид библиотечен материјал кон корисници, посебно внимание се посветуваше на комплетирањето на библиотечните фондови преку следењето на издавачката продукција, како и популаризацијата и достапноста на книгата до секого, со цел да се побуди интересот кај потенцијалните корисници за ова културно богатство. Тековните активности на библиотеката, според Програмата, се реализирани во библиотеката во Струмица и во библиотеката клон во с. Муртино. Освен услугите што претставува основна дејност на библиотеката, сé повеќе се наметнува потребата од следење на современите текови во библиотечната работа на глобално ниво. За таа цел, се следеа светските текови во библиотекарството, анализа на потребите на самите корисници, како и презентација на услугите на сите можни нивоа.

Во библиотеката се вршеше континуирана набавка, донација од министерство за култура на нови наслови, донација од автори, започнувајќи од фондот на одделот за деца, преку лектирните изданија и слободна литература, фонд во оддел за возрасни корисници, набавка на лектири за средношколците, сé до белетристиката и публицистиката.

Посебно внимание се посветуваше и на стручната литература и овозможување нејзина употреба за поголем број корисници. Проектот "Автоматизација на библиотеките " продолжува и тој се спроведува според предвидената динамика. Со негова помош се овозможува премин на целосна дигитална обработка на книжниот фонд со што истиот е поедноставно достапен до сите корисници, независно дали се членови на библиотеката или им е потребна информација за книжниот фонд што го поседува самата библиотека.

Согласно систематизацијата се работните места и одделите кои постојат во библиотеката:

- Оддел за позајмување книги и услуги за возрасни
- Оддел за позајмување книги и услуги за деца
- Оддел за комплетирање на книжен фонд
- Оддел за библиотечни процеси
- Оддел за роднокрајна збирка и библиографии
- Оддел за стручна обработка на периоднични публикации
- Оддел за стручна обработка на монографски публикации
- Оддел за деца и возрасни во подрачна единица с. Муртино
- Оддел за популаризација на книгата
- Оддел за издавачка дејност
- Оддел за дигитализација и микрофилмување
- Административна служба
- Помошно-техничка служба

**Вработени во Локална установа библиотека "Благој Јанков Мучето" - Струмица**

| **Ред. број** | **Име и презиме** | **Квалификација** | **Работно место** |
|---|---|---|---|
| 1 | Денис Мустафов | Информатичар | ДИРЕКТОР<br><br>Виш соработник за информатички работи |
| 2 | Снежана Цорлева | Библиотекар | Оддел за стручна обработка на периодични публикации |
| 3 | Наташа Василевска - Трајчевска | Виш библиотекар | Оддел за деца |
| 4 | Нада Витанова | Самостоен библиотекарски помошник | Оддел за возрасни |
| 5 | Аница Глигорова - Милева | Библиотекар советник | Оддел за стручна обработка на монogравски побликации |
| 6 | Гонца Запрова Анастасова | Виш библиотекар | Оддел за популаризација |
| 7 | Милкица Масева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за издавачка дејност |
| 8 | Ани Катранџиева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за библиотечни процеси |
| 9 | Весна Заева | Библиотекар | Оддел за деца |
| 10 | Васка Кирова | Библиотекар | Оддел за возрасни |
| 11 | Тони Николов | Библиотекар | Оддел за возрасни и деца во подрачна единица с.Муртино |
| 12 | Емилија Ружинова | Библиотекар | Библиотекар во оддел за дигитализација и микрофилмување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | Саветка Глиготова | Правник | Помлад соработник за административни општи и правни работи |
| 14 | Тања Гошева | Библиотекар советник | Оддел за роднокрајна збирка и библиографии |
| 15 | Љуба Поп Алексова | ССС | Домакин |
| 16 | Андон Цветанов | ССС | Хаус-мајстор |

ЛУБ "Благој Јанков-Мучето" работи според COBISS програмата.

Упис, пребарување, промена на податоците или на бројот на членската карта, бришење на податоците за членот, пакетно бришење на податоците за неактивни членови,

- Зајмување книжен материјал надвор од библиотека или во читалница и негово враќање, резервација на слободен и зајмен материјал, резервација на книги за користење во читалница, продолжување на рокот за зајмување книга и промена на датумот на истекување.
- Пребарување на материјалот, увид во неговата состојба (дали е слободен или зајмен, податоци за членот кој ја зајмил книгата, рокот на враќање, список на резервации итн.) и внес на забелешки за материјалот,
- Поставување на параметрите на зајмувањето (временски параметри, календар, начин на зајмување, ценовник, ограничување на зајмувањето и други параметри),
- Одвоено водење евиденција на зајмувањето по одделенија и меѓуодделенско зајмување на книгите (за библиотеките за кои зајмувањето е организирано по одделенија),
- Електронско известување на членовите за претстојно изминување на рокот за зајмување, за претстоен прием на опомена, за пристигнат резервиран материјал, изминување на важењето на резервацијата и изминување на членството,
- Поддршка на трајните резервации на сериските публикации,
- Изработка на опомени,
- Систем на финансиско работење со можности за рачно или за програмско евидентирање на побарувања, намирување на побарувањата (готовинско или неготовинско), заклучување на благајна, испис на различни потврди за членовите итн.

## Библиотечни услуги

Уписите во библиотеката во 2023 година и позајмувањата на фондот со којшто располага институцијата се резултат на пакетот услуги што ги нуди библиотеката.

**Пакет на услуги**

- позајмување книги ( од библиотеката и од други библиотеки преку меѓубиблиотечно позајмување );
- позајмување CD и DVD од фондот на библиотеката;
- користење читалница;
- користење детско катче;
- користење Интернет и помош при Интернет пребарување;
- помош при пополнување формулари, испраќање електронска пошта, скенирање документи, печатење и фотокопирање;
- промоции на книги, книжевни настани, саем на книги;
- изложби;
- изнајмување опрема за презентации ( ЛЦД проектор );
- соработка и организирање на различни активности со училиштата, НВО, други јавни институции од општината и други општини.

Библиотечниот материјал се позајмува за период од 14 дена, со можност за продолжување од уште 10 дена кога се работи за лектирно издание. CD, DVD дисковите и детските играчки се издаваат на ден. Читателите можеа да извршат продолжување и резервирање на библиотечниот материјал по телефон или преку електронска пошта.

Факт е дека во библиотеката се зачленети деца од предучилишна возраст, лица со попреченост, зачленети се и социјални категории со бесплатен упис.

Исто така, значителен е и интересот на корисниците на другите услуги како што се: годишен упис кога се работи за индивидуален корисник, семеен пакет за две лица, семеен пакет за повеќе од две лица, групен упис за повеќе од десет лица во основните училишта, средните училишта и студенти. Можност за користење стручна литература и весници, како и за сите оние коишто побарале помош при изработка на есеи, дипломски и магистерски трудови и за други потреби поврзани со работата на библиотеката, и меѓубиблиотечна позајмица со други библиотеки.

**Ревизија 2023 година**

Ревизијата започна на ден 12.09.2023 година и траеше до 27.12.2023 година

Извештај за ревизија во **одделот на возрасни** читатели имаме евидентирано 7 183 книги што не се во COBISS програмата , преку програмата COBISS: фонд 61 403, попис 56 014, кусок 5 389.

Извештај за ревизија во **одделот за деца** имаме евидентирано 564 книги што не се во COBISS пеограмата, преку програмата COBISS: фонд 23 169, попис 20 565, кусок 2 604.

Извештај за ревизија во **одделот  роднокрајна збирка и библиографии** имаме евидентирано 850 книги што не се во COBISS пеограмата, преку програмата COBISS :фонд 833, попис 740, кусок 93.

Извештај за ревизија во **одделот периодика** преку програмата COBISS :фонд 4 373, попис 2 837, кусок 1 536.

Извештај за **ревизија во Муртино** имаме евидентирано 12 183 книги што не се во COBISS програмата преку програмата COBISS :фонд 2538, попис, кусок.

Членови на комисија: Ревизијата ја извршија вработените  во Локална Установа Библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица

**Оддел за стручна обработка на монографски публикации 2023 год**

Во 2023 година во одделот за стручна обработка на монографски публикации се внесени во програмата COBISS3 вкупно 1.485 наслови или 4.542 библиотечна единица.

Поединечно по оддели: во одделот за возрасни внесени во програмата COBISS3 се 830 наслови или 1.862 библиотечни единици, во одделот за деца 655 наслови или 2.680 библиотечни единици. Заради барањата на читателите во подрачната библиотека во Муртино извршен е пренос на лектирни изданија од оделот за деца.

Во 2023 година се изврши пренос на библиотечната граѓа од еднен во друг оддел (вкупно 78) заради одржувањето на квалитетот на библиографските бази, разрешување на дупликати-записи и нивно бришење од локалната база и преземање на соодветниот запис од COBIB. Разрешување на проблемите кои се појавуваат во локалната база во одделот на монографски публикации и во одделот на сериски публикации вкупно 9.333

библиотечни единици. Внесување измени во шифрарниците на системот COBISS3. Следење на процесите во системот COBISS3, изнаоѓање на грешки и аномалии и вршење исправка на истите, ажурирање на 5.000 податоците во COBISS системот, но истовремено и изнаоѓање и на други решенија за успешност во развојот на библиотечно-информацискиот систем и отпис на граѓа во системот COBISS3. Дополнување на шифрарниците во системот, вадење статистика за најбарани книги во одделот за деца и возрасни по месеци, невратени книги и др.

Библиотекарите од одделот популаризација на книги и одделот стучна обработка на монографски публикации беа избрани за партнери на проектот **Експресивна книга eTwinning** кој траеше од јануари до јуни и секој месец се оддржуваа работилници, а на крајот се изработи е прирачник; - во прилог го доставувам линкот од прирачникот https://www.canva.com/design/DAFmQG2tSOk/8j3r0siAEy0P4wh-KhvpVQ/view?utm_content=DAFmQG2tSOk&utm_campaign=designshare&utm_medium=link&utm_source=publishsharelink&fbclid=IwAR3RQB8NneKeUmgLiFLq_PcX3MFvDfXZVkSgyybz1SHEqdvdMuDziK8RT_E#1

Оддржани повеќе работилници со деца од основните училишта на тема „Поттикнување на културата на читање“ едукативен час преку промоција на книгите „20 неверојатни момчиња кои го променија светот“ и „20 неверојатни девојки кои го променија светот“ - приказни за личности со големи сништа, огромен талент и неверојатна упорност кои станале големи мажи и големи жени.
На 14 февруари се одржа литературно читање по повод распишаниот ревијален Конкурс на тема **„Виното, љубовта и смислата на животот“.** Целта на литературното читање беше поттикнување на креативноста и уметничкиот израз на афирмирани и неафирмирани автори, како и реализација на годишната програмска активност на Библиотеката.

По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21 февруари, во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, во соработка со Europe House Strumica и основните училишта ООУ „Сандо Масев“ Струмица со наставникот Далибор Плечиќ, ООУ „Маршал Тито“ Струмица, со одделенскиот наставник Аида Беќирова и ООУ „Борис Трајковски“, Моноспитово, со одделенскиот наставник Златица Стојкова, се одржа работилница на која учениците читаа на својот мајчин јазик (македонски, турски, српски, грчки, хрватски, чешки и украински). Главната цел на одбележувањето на овој ден беше промовирање на свеста за јазичната и културната разновидност насекаде низ светот. Јазиците се најмоќниот начин да се зачува и развива културата и да се промовира низ целиот свет.
Работилницата беше водена под мотото: **„Колку јазици човек познава – за толку луѓе вреди“.**

Иницијативата која ја започна ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица под мотото „Групна библиотерапија за возрасни – лица од трета доба“ активно беше спроведена

во Домот за стари лица Астреон, с. Банско, Домот за стари лица „Отворено срце“ комплекс Цареви кули, и Домот за стари лица „Св. Јован“ СтрумицаОва активност беше спроведена од консултантите по библиотерапија м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар

Од месец март Библиотеката во соработка со Europe House Strumica формираа читателски клуб кој секој месец имаше дружење со младата писателка Рената Атанасова во ко-модераторство и соработка со м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар.

На 20.3.2023 г., во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица се одржа работилница по повод Меѓународниот ден на среќата и читањето приказни со среќен крај. Работилницата се одржа со ученици од III одд., при ООУ „Видое Подгорец“ , Струмица.
На 20 април во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, се одржаа општинските натпревари „Млади библиотекари“.

Учество на Обука за консултанти по библиотерапија – дел 2**.** Од 25 до 27 април 2023 година во РБ „Емануил Попдимитров“ – Ќустендил, Р Бугарија се одржа „Обука за консултанти по библиотерапија – дел 2“ со предавачот Минчо Николов, доктор по психологија од Фондацијата „Институт за современа психологија“. Обуката ја организира Регионалната библиотека „Емануил Попдимитров“ - Ќустендил со помош на Бугарското библиотечно-информативно здружение - ББИА.
На обуката учествуваа м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар од ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица.

Во мај Библиотеката распиша награден конкурс на тема „Да градиме мир“-во чест на прерано загинатиот претседател Борис Трајковски.

Библиотеката распиша конкурс за поетски творби за Детскиот поетски фестивал „Мајски цвет“ што се одржа во Кочани! Фестивалот е со натпреварувачки награден карактер, а темата е слободна.
На 22 и 23 Мај, учествував на Форум организиран од библиотека Феткин Кавадарци во партнерство со БЗМ под мотот „Структурен дијалог за Заштита и унапредување на библиотекарството во време на економска криза преку размена на добри практики“. Учество земаа библиотекари и директори од 20 Јавни Библиотеки од Македонија. Краен резултат на проектот да се подготви универзален документ со препораки по кои би работеле библиотеките со цел унапредување на нивната работа.

**Учество на конференции**

Учество на Меѓународна конференција во Мостар (онлајн) под наслов „Библиотеките за подобро утре“
Учество на Меѓународна научна конференција „Местото, улогата и значењето на библиотеките во општеството“ Димитровград (онлајн).
Учество на Третата регионална конференција, која всушност беше и меѓународен проект одобрен од Министерство за култура на Република Северна Македонија во Регионалната библиотека „Димитар Талев“, Благоевград. Одобрен проект на м-р Аница

Глигорова Милева, библиотекар-советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар, кои имаа свои излагања за народните занаети.
Вработените во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар од 14 до 16 декември зедоа учество на XX Меѓународна конференција на Библиотекарското друштво на Србија во Врњачка Бања, со труд на тема - Библиотечните простори во физичкото и виртуелното опкружување.

Во рамки на СОФ2023 се одржа едукативно советување на тема: "Библиотеката-темел на писменоста", на која зедов учество со излагање на стручен труд.
На покана на Бугарската библиотечно-информациска асоцијација (ББИА), м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар, вработени во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица на 8 и 9 јуни, учествувавaa со излагање на стручен труд на XXXIII Национална конференција на ББИА „Библиотекарските политики и библиотеките во политиката" во Аудиториумот на Аграрниот универзитет-Пловдив, Република Бугарија.

На 27.7.2023 година, во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица, во пријатна атмосфера, вљубениците во поезијата уживаа во промоцијата на четиријазичната стихозбирка „Македонски погледи“ во издание на „ПНВ Публикации“, Скопје, едно поетското патување на двајца дипломати и пријатели - авторите Ернесто Ередеро дел Кампо и Марио Де Роза.

Учество во ревизија на книжниот фонд, учество во стручни комисии и тела во библиотеката.
Учество на настан во Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ –кој имаше за цел да ја прошири мрежата на хортикултурни библиотеки во државата преку претставување успешни и иновативни библиотечни програми од регионот.
Учество во работилница на која беше презентирана техниката Оримото, со која старата книга може да добие нова форма и да биде подарена во вид на - букет, срце, куќа, цвеќе. Изработките од работилницата и подароците од гостите беа изложени во Библиотеката.

Europe House Струмица и Библиотеката „Благој Јанков Мучето“, Струмица заедно започнаа Карван на читање, со деца од основните училишта од Струмица и регионот. Карванот започна со посета на децата од ООУ „Борис Трајковски“,ООУ „Маршал Тито“, Струмица и ООУ „Мануш Турновски“. Со читање и обработка на книгите за деца „Трите мали волчиња“ од Евгениос Тривизас и сказната „Трите прасиња“, учениците се запознаа и дискутираа за овие прекрасни дела. Целта на оваа програма е да ги поттикнеме најмладите да развијат вештини за критичко размислување, а во исто време и да ги поттикнеме да читаат и да го негуваат македонскиот јазик.

Одбележување на Светски ден на детето! Ден посветен на значењето на децата како најважни креатори на иднината. Создаден со цел да се подигне свеста за потребите и предизвиците со кои се соочуваат децата, како и промовирање на заштита и охрабрување на правата на детето ширум светот. По тој повод Europe House Струмица и Библиотека Благој Јанков Мучето Струмица, вчера го одбележаа овој ден во Градската галерија - Струмица и со тоа го заокруживме Карванот на читање, со деца од

основните училишта од Струмица и регионот, кој се одвиваше во почетокот на месец ноември.

## Оддел за стручна обработка на периодични публикации

Пообемен по содржина, покрај другите е и фондот на одделот Периодика при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица, кој опфаќа обработка на периодични списанија и публикации, дневен печат и друг книжен материјал. Пообемен е, затоа што овој оддел својот фонд го надополнува секој ден, со нови примероци од дневен печат и месечно и годишно со периодични списанија од сите области на општественото живеење.

Историски гледано, Одделот за обработка на периодични публикации при струмичката библиотека е формиран како посебен оддел во 1982 год. Се дотогаш, библиотеката работи како матична библиотека, додека пак роднокрајното катче и Одделот за периодика, функционираат заедно. Одделението за роднокрајна дејност е формирано во 1980 год., значи две години порано од Одделението за обработка на периодични публикации.

При неговото востановување, формиран е каталог на роднокрајниот фонд (од обработени статии во дневниот весник „Нова Македонија“ од 1985 ретроспективно до 1972 година), како и каталог на обработени периодични списанија, кои денеска се дел од богатото наследство на локалната институција библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица.

Минатата година, според податоците од Периодика, евидентиран е влез на следниве стручни периодични списанија, кои се добиени како подарок од НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје, по основ на „се зачувува свеска примерок“, што е задолжително во библиотеките, па и во локалните институции. Истите се примени, направена е „тријажа“ на книжниот материјал, соодветно обработен и сместен на полиците во Периодика.

Список на добиените списанија на 1.08.2023 г.

| | | |
|---|---|---|
| .„Knowledge –Internacional journal“ | Интернационално списание | 5 примерока |
| .„Македоника“ | Информативен билтен на НУБСК | 4 примерока |
| .„Bahce“ | списание за деца на турски ј. | 1 примерок |
| .„Merrja kenges me zjarrin e endjes“ | списание на албански ј. | 1 примерок |
| .„Kopru“ | списание на турски јазик | 1 примерок |
| .„Vlera“ | списание на албански јазик | 2 примерока |
| .„Синтези“ | списание за литература | 1 примерок |
| .„Книжевно житие“ | списание за литература | 1 примерок |
| .„Книжевни елементи“ | списание за литература | 1 примерок |

Во текот на минатата година, не изостана и набавката на дневните печатени весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Слободен печат“ и тоа секој ден нов примерок. Треба да се напомене дека дневниот печат, библиотеката го набавува од сопствениот фонд и

истите се обработуваат и се чуваат во фондот на Периодика, кои според законските прописи, се складираа и чуваа во период од две години.

Изборот на периодичните публикации кои се набавуваат, се врши според барањата на корисниците и потребите на локалната установа , при што се покриваат повеќе области од сверата на општественото живеење. Тоа значи дека се одбираат наслови од различни области и за различни возрасти.

Во Одделот периодика годишно имаме од 100 до 150 наслови периодични, сериски публикации, кои се обработуваат од страна на библиотекар, според библиотечните стандарди ISBN и се внесуваат во меѓународниот електронски каталог COBISS.MK

Тековната работа и снабдувањето на овој оддел со периодични и сериски публикации, за минатата 2023 год. се состои од неколку фази и тоа:

1. набавка на печатени материјали – која опфаќа: а) дневен печат, б) сериски публикации од најразлични општествени и научни области, в) ревии, г) „Службен весник" и др.,

4. потпечатување на сериските публикации;

5. доделување на соодветен инвентарен број, според единствената номенклатура на сериски публикации ISBD (S), во оперативниот програм COBISS.MK

6. редење на полиците, одредени за публикации и тоа по формат: I, II, III и IV во просториите на оддел Периодика.

7. Изработка на каталог на записи со струмичани, што опфаќа објавени статии со струмичани во печатени дневни медиуми и сериски публикации.

Минатата година, 2023, вкупен број на наслови е 50 периодични публикации кои се обработени, а бројот на обработени единици е 100. Вкупен број на изработени свески е над 150, што подразбира внесување на истите и регистрирање во поле 997 m, во COBIB базата.

Од неделната илустрирана политичка ревија „Фокус", се регистрираат 48 свески.

Од минатата година, „Службен весник на РС Македонија", престанавме да го добиваме во печатена форма, туку само електронски.

Останатите наслови, како што се: „Книжевни елементи", „Сум", „Благовест", „Премин", „Театарски гласник", „Современи дијалози", „Синтези", „Стожер", „Флутер", „Културен живот" и др. како што пристигнуваат така истите стручно се обработуваат.

Покрај тоа, во одделението на периодика се чуваат и складираат наслови за кои не постои електронски запис во Cobiss.mk, како што се списанијата: „Кула", „Бизнис форум", „Ревита", „Доживејте 100", „Шадрван" и други.

Значајно е да се потенцира, дека во фондот Периодика, за прв пат е направена ревизија на целиот библиотечен фонд и тоа електронски, преку Cobiss.mk, што досега не беше случај.

**Оддел за роднокрајна збирка и библиографии**

Во 2023 година во ова одделение се прибираше материјал од роднокрајни автори, но тој книжен материјал не се издава, се чува во библиотеката. Творештво се комплетира, стручно се обработува и се дава на користење на корисниците само во читалницата на библиотеката. Овие наслови се преземени, но и се целосно дополнети со локални податоци за да може да им бидат достапни на читателите во Струмичката библиотека. Станува збор за публикуван материјал што според авторството или содржината, му припаѓа на овој оддел. Насловите се обработени според нормативите на СОРД (стандард за организација на роднокрајна дејност) и се внесени во COBISS фонд системот. Во 2023 год се направи ревизија на книжниот фонд и се констатира бројка од 850 книги. Посебно внимание се посветува на збирката и се настојува постојано да се надополнува, преку комуникации со бројни автори.

Може само да известиме дека се работеше и на збирката на редок библиотечен материјал 593 стари и ретки книги кои ги поседува ЛУБ„Благој Јанков Мучето„Струмица, книги од крајот на 18,19 и 20 век до 1945 година.- монографски публикации, Магистерски и докторски дисертации на роднокрајни автори, кои се подготвуваа за внесување во програмата COBISS, а со тоа овој фонд ќе биде евидентиран. Се работи за книги кои делумно ги има и во неколку градови на Република Северна Македонија, но и книги кои ги има само Струмичката библиотека.

Во роднокрајниот оддел се наоѓаат и примероци од некнижен библиотечен материјал: покани, постери, каталози, плакати и др.

На facebook беа објавени, истажуваните значајни луге од Струмица и Струмичко под рубрика На денешен ден е роден. Над 450 Биографии на луге од Струмица и струмичко, родени 1885 год до денешен ден. Револуционери, претседател на држава, премиер, министри, пратеници, универзитетски професори, доктори на науки, магистри, владици, специјалисти лекари, адвокати, економисти, уметници, режисери, музичари, спортисти, новинари, автори на книги и многу други значајни професии.кои со своите дела , трудови се истакнале секој во својата дејност..

Одржана промоција на роднокраен автор во основно училиште во Босилово со Ксенија Маказлиева Трајчевска

Портрети на роднокрајни авторки, Смилана Василевска, Славица Андреева Ѓузелова, Илина Врешкова

РАБОТИЛНИЦА „Библиотечното работење во училишните библиотеки” , подготвена, организирана, презентирана од Тања Гошева библиотекар советник на која присуствуваа библиотекари од 12 библиотеки од Струмица и населените места.

Организирање на работилница „БУКВАРЧЕ МОЕ ДРУГАРЧЕ” со роднокрајната авторка Сузана Мицева, на која учествуваа ученици од ООУ од Струмица

Се организира и портрет на роднокрајна авторка Елизабета Дончевска Лушин

Посета на предучилишната установа „Виножито “ промоција на списанија за деца со роднокрајната авторка, уредничка на списанието „Росица”,

2023 год ПРИЗНАНИЕ ЗА НАЈДОБАР БИБЛИОТЕКАР „ПАВЛИНА ЦУНЕВА

МАКАЗЛИЕВА го доби - Тања Гошева, библиотекар советник - ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица - ПРИЗНАНИЕ за врвни достигнувања од областана во библиотекарството и информациската дејност во јавните библиотеки на одржано Советување на тема „БИБЛИОТЕКАТА ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА- ПРАКТИКА ВО РОДНОКРАЈНИОТ ОДДЕЛ. КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО-МОСТ МЕЃУ МИНАТОТО, СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА”.

Во посета на клон 4 при детска градинка Детска радост Струмица, списанијата во вашите раце, илустрациите ни ја кажуваат мислата на текстот.

Одбележување на родениот ден на роднокрајниот писател за деца Видое Подгорец

Промоција на книгата Биди дете од роднокрајната авторка Славица Андреева Ѓузелова – промотор Тања Гошева. Работилницата “Читаме да научиме повеќе”. Во библиотека Благој Јанков Мучето Струмица , го започнаа првото членство со ветување дека ќе бидат верни читатели на детска литература, но и постојано ќе се дружат со најдобриот другар - книгата.

РАБОТИЛНИЦА „Библиотечното работење во училишните библиотеки” , подготврена, организирана, презентирана од Тања Гошева библиотекар советник на која присуствуваа библиотекари од Средните училишта од Струмица.

Исполнета година промовирајќи го убавиот збор – книгата.

## Оддел за издавачка дејност

### Извештај (анализа) на сработеното во текот на 2023 година

Општата цел на овој извештај е приложување информации за реализираните активности, континуитет и новини во активностите и ја отсликува работата на одделот за издавачка дејност во сите сегменти на неговата надлежност.

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ:**

- Следење на издавачката продукција, унапредување на стручната работа и истражување и информирање на читателите за библиотечните процеси од областа на издаваштвото (локални и светски), согласно со тековните настани од историјата во поглед на објавените литературни дела.
- Издавање публикации со уметничка, научна и образовна содржина во книжен облик и нивна промоција:
  - „Заточена светлина“ од Смилана Василевска (1.3.2023)
  - „Вечен сон К`И-Ш-ОЈМЕ“ од Нада Бајрактарова (20.3.2023)
  - „Светлина“ од Запро Запров (19.5.2023)
  - „Штрковите заминаа“, реиздание од Бранка Цветкова (19.6.2023)
  - „Пролетта-будилник на младоста, љубовта“ од група автори (23.8.2023)
  - „Битово ехо“ од Стојме Ѓорѓиевски – Туме (26.9.2023)
  - „Безгрижна“ од Василија Ѓоргиева (21.12.2023)

  ·Литературно читање по повод конкурсот за 14 февруари со наслов „Виното, љубовта и смислата на животот“.

  ·Одржана работилница по повод 8 Март, со ученици од ООУ „Сандо Масев“.

·Одржана креативна работилница на тема Библиотеката – темел на писменоста и место за учење и истражување со ученици од ООУ „Видое Подгорец“.
·Одржана работилница на тема Да го зачуваме македонскиот јазик со ученици од ООУ „Сандо Масев“.
·Одржана работилница по повод 24 Мај, Денот на сесловенските просветители со ученици од ООУ „Видое Подгорец“.
·Учество во Комисија и доделување награди по повод распишаниот конкурс „Користи ја кирилицата“.
·Учество на советување „Библиотеката темел на писменоста“ во рамките на манифестацијата „Средби под јаворите“.
·Организација и промоција на четиријазичната стихозбирка „Македонски погледи“.
· Учество на работилница Оримото со гости од библиотеката во Благоевград, Р. Бугарија.
·Учество на основниот курс за библиотекари - Техничка обработка на библиотечен материјал и негово полагање.
·Присуство на презентација за усовршување на програмата COBISS.
·Посета на библиотеката од колешки од Националната библиотека од Латвија и размена на искуства.
·Учество на вебинар Од проблема до решења: обрада рукописне грађе у Народној библиотеци Србије.
·Од септември, заклучно со декември вршење ревизија на библиотечниот материјал.
· Одржување веб страница на институцијата на социјалните мрежи, со цел афирмирање на издадените дела од странски и македонски автори и поголема инволвираност на читателската публика во културниот процес на библиотеката и иницирање поголема општествена поврзаност.
· Работа на пулт – оддел за деца и возрасни.

**<u>Оддел за дигитализација и микрофилмување</u>**

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ:**

·Литературно читање по повод конкурсот за 14 февруари со наслов „Виното, љубовта и смислата на животот“.
·Одржана работилница по повод 8 Март, со ученици од ООУ „Сандо Масев“.
·Одржана креативна работилница на тема Библиотеката – темел на писменоста и место за учење и истражување со ученици од ООУ „Видое Подгорец“.
·Одржана работилница на тема Да го зачуваме македонскиот јазик со ученици од ООУ „Сандо Масев“.
·Одржана работилница по повод 24 Мај, Денот на сесловенските просветители со ученици од ООУ „Видое Подгорец“.
·Учество во Комисија и доделување награди по повод распишаниот конкурс „Користи ја кирилицата“.
·Учество на советување „Библиотеката темел на писменоста“ во рамките на манифестацијата „Средби под јаворите“.

· Учество на работилница Оримото со гости од библиотеката во Благоевград, Р. Бугарија.
·Учество на основниот курс за библиотекари - Техничка обработка на библиотечен материјал и негово полагање.
·Присуство на презентација за усовршување на програмата COBISS.

·Од септември, заклучно со декември вршење ревизија на библиотечниот материјал.
-Учество на Меѓународна конференција во Благоевград, Р. Бугарија.
Работа на пулт – оддел за деца и возрасни.

- Подготовка за дигитализирање на наслови од роднокрајни автори.

- Тековните обврски во одделот за дигитализација и микрофилмување се одвиваат во насока на скенирање на делата „Копривки“, „Празнување на проштение поклади во Струмица и струмичко“ од Наташа Василевска Трајчевска, „Седма димензија“ од Вартан Василевски, „Привев во тишината“, „Црнорисци“ од Иван Василевски.

- По завршеното скенирање на материјалот, се премина на техничко уредување на дигиталните производи со цел објавување на нашата веб страница.

- Книгите во дигитализирана форма може да се најдат и да се прочитаат на https: //bibliotekastrumica.org.mk.

- Изработка на фото записи за нови наслови.

# Годишен извештај за работа возрасни за 2023 година

| | ЈАНУАРИ | ФЕВРУАРИ | МАРТ | АПРИЛ | МАЈ | ЈУНИ | ЈУЛИ | АВГУСТ | СЕПТЕМВРИ | ОКТОМВРИ | НОЕМВРИ | ДЕКЕМВРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва година | 37 | 80 | 59 | 35 | 23 | 16 | 19 | 31 | 28 | 33 | 44 | 20 |
| Втора година | 25 | 8 | 32 | 24 | 15 | 8 | 13 | 12 | 18 | 15 | 39 | 28 |
| Трета година | 33 | 54 | 76 | 37 | 35 | 18 | 14 | 18 | 26 | 48 | 40 | 24 |
| Четврта година | 15 | 20 | 26 | 16 | 12 | 12 | 7 | 10 | 15 | 12 | 16 | 11 |
| Студенти | 42 | 48 | 85 | 39 | 56 | 51 | 60 | 50 | 53 | 40 | 43 | 37 |
| Невработени | 37 | 38 | 80 | 43 | 48 | 42 | 53 | 40 | 45 | 57 | 58 | 42 |
| Работници | 56 | 51 | 72 | 78 | 79 | 84 | 60 | 77 | 77 | 84 | 79 | 72 |
| Службеници | 189 | 167 | 325 | 254 | 264 | 224 | 266 | 265 | 247 | 233 | 230 | 206 |
| Пензионери | 128 | 122 | 157 | 128 | 83 | 136 | 145 | 138 | 137 | 138 | 155 | 147 |
| Машки | 77 | 94 | 98 | 75 | 79 | 136 | 145 | 138 | 137 | 138 | 155 | 147 |
| Женски | 494 | 503 | 820 | 592 | 587 | 528 | 580 | 582 | 583 | 603 | 615 | 509 |
| Вкупно читатели | 571 | 597 | 918 | 667 | 666 | 594 | 643 | 653 | 650 | 672 | 702 | 587 |
| Изнајмени книги | 688 | 657 | 1.000 | 752 | 762 | 697 | 741 | 829 | 770 | 799 | 800 | 675 |
| Уписи | 71 | 54 | 192 | 27 | 25 | 32 | 45 | 36 | 41 | 42 | 49 | 32 |
| Бесплатни уписи | 3 | / | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 |

## Годишен извештај за работа деца за 2022 година

| | ЈАНУАРИ | ФЕВРУАРИ | МАРТ | АПРИЛ | МАЈ | ЈУНИ | ЈУЛИ | АВГУСТ | СЕПТЕМВРИ | ОКТОМВРИ | НОЕМВРИ | ДЕКЕМВРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предшколска возраст | 15 | 12 | 8 | 12 | 28 | 24 | 22 | 25 | 12 | 16 | 10 | 11 |
| I одд | 5 | 3 | 8 | 5 | 8 | 6 | 5 | 6 | 6 | 6 | 5 | 3 |
| II одд | 82 | 70 | 55 | 59 | 22 | 26 | 58 | 58 | 21 | 25 | 26 | 15 |
| III одд | 76 | 69 | 47 | 49 | 41 | 38 | 91 | 100 | 42 | 50 | 63 | 58 |
| IV одд | 48 | 56 | 34 | 26 | 109 | 120 | 86 | 87 | 48 | 76 | 81 | 82 |
| V одд | 63 | 62 | 59 | 45 | 87 | 36 | 78 | 57 | 37 | 62 | 88 | 63 |
| VI одд | 68 | 42 | 26 | 18 | 64 | 38 | 54 | 68 | 46 | 57 | 61 | 45 |
| VII одд | 56 | 60 | 39 | 28 | 24 | 19 | 31 | 60 | 35 | 42 | 51 | 65 |
| VIII одд | 47 | 65 | 64 | 55 | 32 | 25 | 21 | 40 | 48 | 50 | 39 | 34 |
| IX одд | 19 | 59 | 25 | 20 | 17 | 9 | 16 | 19 | 10 | 17 | 13 | 14 |
| машки | 197 | 203 | 138 | 117 | 190 | 141 | 190 | 219 | 127 | 175 | 201 | 166 |
| женски | 272 | 295 | 227 | 201 | 245 | 200 | 272 | 303 | 176 | 225 | 231 | 224 |
| Вкупно читатели | 479 | 498 | 365 | 318 | 432 | 341 | 462 | 522 | 303 | 400 | 432 | 390 |
| Изнајмени книги | 377 | 350 | 258 | 231 | 266 | 203 | 391 | 442 | 174 | 284 | 280 | 216 |
| Уписи | 55 | 37 | 21 | 10 | 36 | 68 | 93 | 52 | 28 | 46 | 28 | 31 |
| Бесплатни уписи | 0 | 0 | 3 | 2 | 11 | 7 | 2 | 3 | 2 | 1 | 0 | 4 |

**<u>Годишен извештај за работа од оддел за деца за 2023 година, во село Муртино</u>**

| Извештај за 2023 | I одд. | II одд. | III одд. | IV одд. | V одд. | VI одд. | VII одд. | VIII одд. | IX одд. | Машки лица | Женски лица | Возрасни лица | Вкупно книги | Уписи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | | | | | 1 | 7 | 9 | 3 | 2 | 15 | 28 | 21 | 43 | 3 |
| Февруари | | | | | 2 | 15 | 35 | 6 | | 27 | 51 | 19 | 78 | 10 |
| Март | | | 1 | | 4 | 13 | 18 | 6 | 1 | 24 | 38 | 19 | 62 | 3 |
| Април | | | | | 6 | 4 | 11 | 1 | | 18 | 30 | 26 | 48 | 7 |
| Мај | | | | | 9 | 16 | 14 | 9 | | 33 | 47 | 32 | 80 | 5 |
| Јуни | | | 1 | | | 14 | 4 | 2 | | 13 | 10 | 2 | 23 | |
| Јули | | | | 3 | 1 | 4 | | | | 18 | 22 | 32 | 40 | 4 |
| Август | | | | 1 | | 3 | | 1 | | 9 | 15 | 19 | 24 | 1 |
| Септември | | | | | | 15 | 6 | 12 | 1 | 9 | 49 | 24 | 58 | 9 |
| Октомври | | | | | | **38** | **12** | **9** | **1** | **17** | **56** | **13** | **73** | **13** |
| Ноември | | | | **1** | | **26** | **23** | **3** | **1** | **34** | **44** | **24** | **78** | **9** |
| Декември | | | | **2** | **1** | **3** | **4** | **3** | **9** | **12** | **25** | **15** | **37** | **4** |
| Вкупно | | | **2** | **7** | **26** | **158** | **136** | **55** | **15** | **229** | **415** | **246** | **644** | **68** |

Вкупен број на членови кои ја посетиле подружницата во библиотеката во текот на 2023 година е 644, од кои деца – 398 и возрасни – 246.

Број на посетители по возраст: I одделение – 0; II одделение – 0; III одделение – 2; IV одделение – 7; V одделение – 26; VI одделение – 158; VII оддслние – 136; VIII одделние -55; IX одделние – 15 и возрасни – 246 .Вкупно издадени книги: 644. Вкупно уписи во 2023 год. - 68.

**Популаризација – културни манифестации**

Популаризацијата на книгата во Библиотеката се остварува преку промоции на книги, средби со писатели, литературни читања, организирани посети на Библиотеката за најмалите, изложби на книги, литературни конкурси, медиумски настапи, претставувања на најнови наслови и издавачки центри и сите други книжевни манифестации и настани во кои центар во етерот е книгата.

Една од највиталните и најпрепознатливите работни позиции во библиотекарството е организирањето на културни манифестации (изложби, предавања, промоции, работилници, итн.), грижа за односот со јавноста (медиумите), како и презентација на активностите на Библиотеката преку социјални мрежи.

**Јануари**

По повод големиот христијански празник Раѓање Христово Божиќ, ЛУБ "Благој Јанков Мучето" традиционално на читателите им подарува книги со духовна содржина. Знаеме дека месец јануари е месец на многу празници и време кога поголем дел од нашите читатели се во домашен амбиент, за таа цел библиотеката преку социјалните мрежи секојдневно промовираше нови наслови за да се одржи континуитетот на читателите, а воедно и да ги запознаваме со новите наслови. Покрај новите наслови се промовираа и постари наслови, сѐ со цел и останатите луѓе кои не се наши членови да имаат претстава со што сѐ располага нашата установа.

Во јануари библиотеката им овозможи на сите пензионери членство од 100 денари.

Во јануари библиотеката распиша Конкурс на тема „Виното, љубовта и смислата на животот". Конкурсот беше од ревијален карактер, а право на учество имаа ученици од средните училишта и возрасни автори.

Во јануари библиотеката распиша конкурс по повод карневалската манифестација во Струмица - за литературна творба (поезија и проза) на тема: МАГИЈАТА НА КАРНЕВАЛСКАТА МАСКА.

**Февруари**

Во месец февруари библиотеката имаше акција – членство за сите ученици од основните и средни училишта за 100 денари.

Библиотекарите од одделот популаризација на книги и одделот стучна обработка на монографски публикации беа избрани за партнери на проектот **Експресивна книга eTwinning** кој траеше од јануари до јуни и секој месец се оддржуваа работилници, а на крајот се изработи е прирачник; - во прилог го доставувам линкот од прирачникот https://www.canva.com/design/DAFmQG2tSOk/8j3r0siAEy0P4wh-KhvpVQ/view?utm_content=DAFmQG2tSOk&utm_campaign=designshare&utm_medium=

link&utm_source=publishsharelink&fbclid=IwAR3RQB8NneKeUmgLiFLq_PcX3MFvDfXZVkSgyybz1SHEqdvdMuDziK8RT_E#1

Во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, во соработка со ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица и одделенскиот наставник Наташа Атанасова се оддржа работилница на тема „Поттикнување на културата на читање“, преку обработка на лектирата за второ одделение „Зоки Поки“ од Оливера Николова (eTwinning).
Покрај поттикнувањето на културата на читање со оваа активност, што во крајна линија е и суштината на оваа работилница, сакавме да им покажеме на учениците дека преку ликовна терапија, сликовници и книги, доаѓаме до емоции кои се важен патоказ во нашиот живот.

Во февруари се даде известување до сите основни училишта од општина – Струмица, општина Василево, општина Ново Село и општина Босилово за одржување на оштинскиот натпревар „Млади библиотекари“.

На 14 февруари се одржа литературно читање по повод распишаниот ревијален Конкурс на тема **„Виното, љубовта и смислата на животот“.** Целта на литературното читање беше поттикнување на креативноста и уметничкиот израз на афирмирани и неафирмирани автори, како и реализација на годишната програмска активност на Библиотеката.

По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21 февруари, во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, во соработка со Europe House Strumica и основните училишта ООУ „Сандо Масев“ Струмица со наставникот Далибор Плечиќ, ООУ „Маршал Тито“ Струмица, со одделенскиот наставник Аида Беќирова и ООУ „Борис Трајковски“, Моноспитово, со одделенскиот наставник Златица Стојкова, се одржа работилница на која учениците читаа на својот мајчин јазик (македонски, турски, српски, грчки, хрватски, чешки и украински). Главната цел на одбележувањето на овој ден беше промовирање на свеста за јазичната и културната разновидност насекаде низ светот. Јазиците се најмоќниот начин да се зачува и развива културата и да се промовира низ целиот свет.
Работилницата беше водена под мотото: **„Колку јазици човек познава – за толку луѓе вреди“.**

На 23 февруари се доделија наградите по повод распишаниот Конкурс за доделување награди за литературна творба (поезија и проза) на тема: Магијата на карневалската маска.

**Март**

За сите припаднички од понежниот пол, библиотеката овозможи годишно членство за 100 денари.

Библиотерапијата како форма на поддржување на психотерапијата или прилагодување на конкретни литературни дела кон терапевтскиот процес, најчесто се спроведува

индивидуално, но многу нејзини форми се практикуваат и во група. Фокусот на групната библиотерапија што се одржа во Домот за стари лица „Отворено срце“ комплекс Цареви кули, од страна на консултантите по библиотерапија м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар, беше поставен преку метафорите, расказите, репортажите и приказните на роднокрајниот автор Бранко Бјадов, како средство за социјално и емоционално навраќање во спомените на детството, во долината на битисувањето, во младоста, во обичаите, во празнувањето... преку читање на книгата „Патникот од долината“.

Во посета на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица, беа ученици од ООУ „Видое Подгорец“ Колешино, со наставничките Атина Манчева и Сузана Јованова. Учениците беа запознаени со работата на институцијата, а воедно им се промовираше и групно зачленување за користење на услугите на Библиотеката.

Иницијативата која ја започна ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица под мотото „Групна библиотерапија за возрасни – лица од трета доба“ активно беше спроведена и во Домот за стари лица Астреон, с. Банско. Активноста беше спроведена од консултантите по библиотерапија м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и Гонца Запрова Анастасова, библиотекар – вработени во Библиотеката и ученици од Подрачното училиште „Маршал Тито“ с. Банско со наставничката Верка Урдовска. Дел од таа спроведена работилница влезе во eTwinning прирачникот.

Во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, во соработка со ООУ Сандо Масев Струмица и одделенскиот наставник Наталија Дикова се оддржа работилница на тема „Поттикнување на културата на читање“, преку обработка на лектирата за второ одделение „Зоки Поки“ од Оливера Николова. Покрај поттикнувањето на културата на читање со оваа активност, што во крајна линија е и суштината на оваа работилница, преку интеракција им покажавме на учениците дека преку сликовници и книги, доаѓаме до емоции кои се важен патоказ во нашиот живот. Резултат од работилницата - среќата и задоволството се кријат во малите нешта-eTwinning.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица ја посетија ученици од осмо одделение при ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица, со наставниците Жанко Ташуров и Олгица Пипереваливеа. Учениците се запознаа со начинот на работа во Библиотеката, а се промовираше и групно членство!

Сите ученици ја имаат можноста да ја посетат библиотеката, да се дружат со книгата и да се запознаат со културата на читање!

Од месец март Библиотеката во соработка со Europe House Strumica формираа читателски клуб кој секој месец имаше дружење со младата писателка Рената Атанасова во ко-модераторство и соработка со м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар. На ова читателско дружење, кое се оддржа во месец март, низ дискусија и разговор се запознавме со „Којцерова соната“ од Лав Николаевич Толстој, насловена според истоименото дело на Лудвиг ван Бетовен.

На 20.3.2023 г., во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица се одржа работилница по повод Меѓународниот ден на среќата и читањето приказни со среќен крај.

Работилницата се одржа со ученици од III одд., при ООУ „Видое Подгорец“ , Струмица со наставничката Соња Цицимова.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ , Струмица ја посетија ученици од 8 одделение, при ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица со наставниците Жанко Ташуров и Олгица Пипереваилева. Учениците се запознаа со начинот на работа во Библиотеката, а се промовираше и групно членство. Сите ученици ја имаат можноста да ја посетат библиотеката, да се дружат со книгата и да се запознаат со културата на читање.

**Април**

По повод 2 Април - Меѓународниот ден на литературата за деца, во библиотеката беа дечиња од ЈОУГД „Детска радост“ (клон 2), Струмица со нивните учителки Ангелина Митева, Моника Ковачева и социологот Јулија Младенова. Освен читањето приказни, тие ја испратија најубавата порака за книгата.

Плетење - позитивни емоции (eTwinning)
Во библиотеката „Благој Јанков Мучето“ Струмица се одржа работилница на тема „Плетење - позитивни емоции“. Гостин на работилницата, а воедно и наш генерален спонзор на истата беше Цонка Јанкова – сопственик на продавницата за материјали за плетење Ivel Jankov Струмица.
Во работилницата зедоа учество ученици од IV одд. при ООУ „Никола Вапцаров“ - Струмица Струмица со наставничката Билјана Гунова. Користени книги на работилницата: „Танцот на природата“ од Ана Батева и „Волшебната капа“ – избор приказни од македонското народно творештво – приредувач Ана Витанова Рингачева. Целта на работилницата беше преку активностите кои ги спроведовме, да ги поттикнеме учениците да ги сакаат книгите, активизмот за рециклирање и заштита на животната средина, а со тоа да покажат и широк спектар на емоции. Одбравме книги во кои се зборува за различни емоции, соодветни за нивната возраст. При самото читање на книгите употребивме „приказотерапија“ за препознавање на негативни и позитивни емоции. Додека ги читавме приказните, ја користевме техниката „застани со читање“, зашто целта ни беше да се испровоцира фантазијата кај децата и самите да се обидат да дадат предлози за развојот на настаните во приказните, како и за нивниот крај. Препознавањето на емоциите го споредивме со рециклирањето со цел негативните емоции да ги претвориме во позитивни.
Активност: учење на техниката Амигуруми – (јапонска техника на плетење), украсување на јајца по повод Велигденските празници со природни материјали – волна и обликување на емоции на хартија.

Иницијативата која ја започна ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица под мотото „Групна библиотерапија за возрасни – лица од трета доба“ активно спроведена и во Dom Sveti Jovan Домот за стари лица „Свети Јован“, Струмица. Фокусот на групната библиотерапија и овој пат беше поставена преку метафорите, расказите, репортажите и приказните на роднокрајниот автор Бранко Бјадов, како средство за социјално и емоционално навраќање во спомените на детството, во долината на битисувањето, во младоста, во обичаите, во празнувањето, преку читање на книгата „Патникот од долината“.

На 20 април во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, се одржаа општинските натпревари „Млади библиотекари“.

Обука за консултанти по библиотерапија – дел 2**.** Од 25 до 27 април 2023 година во РБ „Емануил Попдимитров“ – Ќустендил, Р Бугарија се одржа „Обука за консултанти по библиотерапија – дел 2“ со предавачот Минчо Николов, доктор по психологија од Фондацијата „Институт за современа психологија“. Обуката ја организира Регионалната библиотека „Емануил Попдимитров“ - Ќустендил со помош на Бугарското библиотечно-информативно здружение - ББИА.
На обуката учествуваа м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар од ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица.
Овој курс (дел 2) е ориентиран кон длабинско знаење и примена на методите, техниките и конструкциите на библиотерапијата. Целта е да се формираат нови вештини и да се надградат постојните компетенции преку кои библиотекарите - консултанти по библиотерапија, би можеле да обезбедат подобра и поефикасна поддршка на читателите врз основа на работа со различни литературни дела.

**Мај**

Посета на дечиња од градинката Детска радост клон 3 „Распеани славејчиња“ со учителките Весна Цатева и Натка Спасовска по повод 5 мај - Ден на македонскиот јазик. Воедно се промовираше и сликовницата „Малиот диносаурус што сакаше да стане космонаут“, адаптирана за деца од предучилишна возраст од струмичанката Вилма Гошева.

Онлајн учество на Меѓународна научна конференција во Димитровград на тема „Местото, улогата и значењето на библиотеките во општеството“.

Во мај Библиотеката распиша награден конкурс на тема „Да градиме мир“-во чест на прерано загинатиот претседател Борис Трајковски.

Библиотеката распиша конкурс за поетски творби за Детскиот поетски фестивал „Мајски цвет“ што се одржа во Кочани! Фестивалот е со натпреварувачки награден карактер, а темата е слободна.

Како најглавна активност во месец мај беше уредувањето на каталогот со иконовидни слики на Запро Запров.  Понатаму, се подготви примерок (содржински и визуелно) за покана на гостите на изложбата.

На 23 мај, во организација на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, во фоајето на НУКЦ „Антон Панов“, со почеток во 19 часот, се одржа изложба на иконовидни слики на тема СВЕТЛИНА, во кои се застапени фрагменти од македонската фолклорна и црковна традиција. Ја имавме можноста, по долги години, повторно да ги видиме ликовните дела на светски познатиот диригент, композитор и ликовен уметник - професорот Запро Запров.

Мојот свет е обоен - драматизација на книгата „Бегалка“ од Васил Иљоски (проект eTwining).
Во библиотеката „Благој Јанков Мучето“ Струмица се одржа работилница на тема „Мојот свет е обоен“. Во работилницата зедоа учество ученици од VII одд. при ООУ „Кирил и Методиј“ – с. Иловица со наставничките Зорица Пармачка-Велински и Наташа Стоилкова и ученици од IV одд. при ООУ „Видое Подгорец“ - Струмица со наставничката Гордана Тилева.
Користена книга на работилницата: драмата „Бегалка “ од Васил Иљоски.
Учениците од ООУ „Кирил и Методиј“ – с. Иловица заедно со наставничките имаа подготвено драматизација која ја одиграа пред учениците од ООУ„Видое Подгорец“ Струмица. Драматизацијата на книгата предизвика различни чувства кај ученици од пониските одделенија и тие тоа го нацртаа на хамер со боја која ги отсликува нивните доживеани емоции. Сите кажаа која боја им е омилена и зошто. Разговаравме за чувствата кои одредени бои ги предизвикуваат кај нас. После цртањето и учениците од IV одд. се обидоа сами да одиграат и да драматизираат дел од книгата „Бегалка“.

**Јуни**

Денес во рамки на СОФ2023 се одржа едукативно советување на тема: "Библиотеката-темел на писменоста", на кој зедовме учество со излагање на стручен труд.. Над 80 библиотекари од училишните и локалните библиотеки слушаа одлични предавања на универзитетски професори. На настанот беа доделени и признанијата Библиотекар на годината "Павлина Цунева-Маказлиева" 2023год. Првиот настан од фестивалската магија оваа лето се одржа во организација на Средби под јаворите - Видое Подгорец.

На покана на Бугарската библиотечно-информациска асоцијација (ББИА), м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар, вработени во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица на 8 и 9 јуни, учествувавaа со излагање на стручен труд на XXXIII Национална конференција на ББИА „Библиотекарските политики и библиотеките во политиката" во Аудиториумот на Аграрниот универзитет-Пловдив, Република Бугарија.

Денес ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица ја посетија ученици од $III^1$ и $III^3$ од ООУ „Никола Вапцаров“ - Струмица со наставничките Катерина Чукарска и Јагода Божикочева.
Учениците се запознаа со начинот на работа во Библиотеката, а се промовираше и групно членство! Сите ученици ја имаат можноста да ја посетат библиотеката, да се дружат со книгата и да се запознаат со културата на читање!

Јунски BOOK CLUB со „Животинска фарма“ од Орвел ПОД ОТВОРЕНО НЕБО.
„Читателско патување со младата писателка Рената Атанасова во ко-модераторство и соработка со м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар“.

**Јули**

Уште едно читателското патување водено од младата писателка Рената Атанасова во ко-модераторство и соработка со м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар од ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица.

На барање на читателите, во јули се обработуваше драмата „Диво Месо" од Горан Стефановски.

На 27.7.2023 година, во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица, во пријатна атмосфера, вљубениците во поезијата уживаа во промоцијата на четиријазичната стихозбирка „Македонски погледи“ во издание на „ПНВ Публикации“, Скопје, едно поетското патување на двајца дипломати и пријатели - авторите Ернесто Ередеро дел Кампо и Марио Де Роза.

Модератор на промоцијата беше Гонца Запрова Анастасова виш библиотекар, промотор на стихозбирката Ѓорги Калајџиев, стиховите на македонски јазик ги читаше Наташа Василевска - Трајчевска виш библиотекар, а на присутните во име на библиотеката им се обрати м-р Аница Глигорова Милева, советник библиотекар. Присутните гости уживаа и во прекрасните звуци на гитара на нашата Александра Цветанова. Настанот во библиотеката беше во соработка со Quo Vadis Ad Astra - Здружение за промоција на италијанскиот јазик и култура, за прекрасната соработка со цел промовирање на пишаниот збор.

**Август**

Читателски клуб-Europe House Strumica во соработка со ЛУБ „Благој Јанков Мучето“. Обработка на драмата „Парадоксот на Диоген“ на македонскиот писател Томе Арсовски од 1961 година, на барање на читателите.
Читателско патување со младата писателка Рената Атанасова во ко-модераторство и соработка со м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар од ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица. Настанот се оддржа на 15 Август во Мултимедијалниот центар – во село Босилово.

**Септември**

Во читалната на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, се одржа септемврискотo читателскотo патување - водено од младата писателка Рената Атанасова во ко-модераторство и соработка со м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар од ЛУБ „Благој Јанков Мучето“. Нашето патување со драмата „Парадоксот на Диоген" продолжи - овојпат со продолжението „Чекор до есента" од Томе Арсовски, а паралелно со него се надоврзавме со судбината на главниот јунак во книгата „Странецот" од Албер Ками. Книжевниот клуб полека но, сигурно прераснува во традиција, која нѐ навраќа на вистинските вредности, на читачката култура која овозможува, на кратко, да се забави брзото секојдневје и да си дадеме простор за размислување за различни животни теми.

Овој месец Библиотеката започна со ревизија на книжниот фонд.

Учество на обука во Националната установа-Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ Скопје, - техничка обработка на книга.

На ден 4.9.2023 г., во Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола, се одржа настан што имаше за цел да ја прошири мрежата на хортикултурни библиотеки во државата преку претставување успешни и

иновативни библиотечни програми од регионот. Беа презентирани практични решенија и програми за анимација на сите возрасти и искуства на библиотеките учесници. Со воведувањето на нови иновативни библиотечни програми кои придонесуваат за поголема препознатливост и влијание во средината, библиотеките во нашата држава ќе станат дел од активностите на повеќе држави од регионот кој се дел од проектот. На настанот „Хортикултурни библиотеки“ и отворањето на „Градска дневна соба“ присуствуваа м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник, Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар и Васка Кирова, библиотекар.

На 29 септември, ЛУ Библиотека „Благој Јанков Мучето“, Струмица ја посетија ученици од I до V одд. при ПОУ „Гоце Делчев“, Еднокуќево – Општина Босилово, со наставниците Ален Пенев, Ленче Тодосова и Росана Донева. Учениците се запознаа со начинот на работа во Библиотеката, а се промовираше и групно членство! Сите ученици ја имаат можноста да ја посетат библиотеката, да се дружат со книгата и да се запознаат со културата на читање!

**Октомври**

Во месец октомври најглавна активност беше подготвувањето на изложбата со наслов „Битово ехо“ на Стојмен Ѓорѓиевски -Туме, „ликовен уметник, со уникатен сликарски ракопис кој со лирски сензибилитет на неговата душа во контекст на современоста, го открива нашето минато низ уметноста и го оживува за сите времиња – после, утре, внесувајќи иновативност во ликовниот пристап“. Се работеше на подготовката на каталогот „Битово ехо“.

На 3. октомври во пријатна атмосфера, се одржа изложбата со наслов „Битово ехо“ на Стојмен Ѓорѓиевски – Туме. Бевме сведоци на „сликарска нарација која со гестот, бојата и симболите (бакарни орнаменти, импрегнирани јажиња, пафти и носии), низ носталгија оживува трогателна радост, од длабочината на нашиот естетски и национален сензибилитет“.

Денес, во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица беше потпишан Меморандум за соработка со Регионалната библиотека „Димитар Талев“ од Благоевград, Р Бугарија. Меморандумот го потпишаа Денис Мустафов, директор на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ и Емилија Малешевска, директор на Регионалната библиотека „Димитар Талев“, Благоевград. Воедно во библиотеката се одржа и едукативна работилница на која беше презентирана техниката Оримото, со која старата книга може да добие нова форма и да биде подарена во вид на - букет, срце, куќа, цвеќе. Изработките од работилницата и подароците од гостите беа изложени во Библиотеката.

Денес, вработените при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица, присуствуваа на презентација за COBISS Cat (веб-апликација за каталогизација што спаѓа во новата генерација на програмската опрема COBISS). Во COBISS Cat се пренесени поголемиот дел функции од сегментот COBISS3/Каталогизација. Презентација беше изведена преку апликацијата Zoom.

Europe House Струмица и ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица, го одржаа октомврискoто Book club дружење. Во пријатна и опуштена атмосфера во Кафе бар

“Stay”, преку динамични разговори и дискусии се запознавме подлабоко со ликовите и нивните драмски дејствија во „Парите се отепувачка” од Ристо Крле, најпознатото драмско остварување на македонскиот драматург, како и драмата „Недоразбирање” напишана од нобеловецот Албер Ками. Читателското патување со овие две извонредни драми, го водеа младата писателка Рената Атанасова во ко-модераторство и соработка со м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар.

По повод Месецот на книгата, учениците од III$^{в}$ одделение со наставничката Наталија Дикова ја посетија библиотеката и ја обработија книгата „Доктор Офболи“.

Денес во посета ни беа учениците од трето одделение со наставничката Марија Јанакова Кочева. По повод Месецот на книгата, заедно ја обработивме книгата „Басни“ од Езоп.

По повод Месецот на книгата, библиотеката ја посетија ученици од трето одделение од ООУ „Сандо Масев“, Струмица, со наставничката Сања Јушковиќ Атанасова и заедно ја обработивме книгата „Басни“ од Езоп.

Онлајн учество на меѓународна конференција во Мостар „Библиотеките за подобро утре“.

**Ноември**

По повод денот на заштитниците на град Струмица – „Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици“, веќе традиционално, Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Струмица во соработка со ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, распишува Конкурс за доделување награди за литературен состав посветен на градот Струмица, на тема: „Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици“ (подвигот на мачениците).
Согласно критериумите на конкурсот, предвидено е активно учество на ученици од основните и средните училишта, како и возрасни автори.

„Сказна за детето Вилен“ беше одличен избор за да го одбележиме Месецот на книгата и да го навестиме Светскиот ден на детето 20 ноември, во соработка со наставничката Соња Цицимова и учениците од IV$^{в}$ одд. при ООУ „Видое Подгорец“, Струмица.

Посета на ученици од V одд. при ООУ „Мануш Турновски“, Ново Село со наставниците Зоре Јанушева и Кире Ѓорѓиев и заедничка обработка на книгата „Пајажината на Клементина“.

Посета на ученици од III одд. при ООУ „Маршал Тито“, Струмица со наставниците Петар Витанов и Тања Ѓоргиева.

Месецот на книгата е при крај, но љубовта кон пишаниот збор се негува во текот на цела година. Посета од учениците од трето одделение со наставничката Билјана Гошева од ООУ „Сандо Масев“ Струмица. На поинаков начин заедно ја обработивме лектирата „Басни“ од Езоп. Проследивме куклена претстава во која зедоа учество сите деца, глумејќи пред останатите другарчиња и на крај ставивме акцент на сите поуки на кои нѐ учат басните.

Посета на ученици од III одд. при ООУ „Мануш Турновски", Ново Село со наставниците Благица Стоилкова и Милица Запрова и заедничка обработка на книгата „Шеќерното дете".

Europe House Струмица и Библиотеката „Благој Јанков Мучето“, Струмица заедно започнаа Карван на читање, со деца од основните училишта од Струмица и регионот. Карванот започна со посета на децата од ООУ „Борис Трајковски“,ООУ „Маршал Тито“, Струмица и ООУ „Мануш Турновски“. Со читање и обработка на книгите за деца „Трите мали волчиња“ од Евгениос Тривизас и сказната „Трите прасиња“, учениците се запознаа и дискутираа за овие прекрасни дела. Целта на оваа програма е да ги поттикнеме најмладите да развијат вештини за критичко размислување, а во исто време и да ги поттикнеме да читаат и да го негуваат македонскиот јазик.

Библиотеката ја посетија ученици од второ и трето одделение при ООУ „Маршал Тито“, Струмица, со наставничките Мерал Амедова Салиова и Хулја Дурова.

Учество на Третата регионална конференција, која всушност беше и меѓународен проект одобрен од Министерство за култура на Република Северна Македонија во Регионалната библиотека „Димитар Талев“, Благоевград. Одобрен проект на м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар, кои имаа свои излагања за народните занаети.

Одбележување на Светски ден на детето! Ден посветен на значењето на децата како најважни креатори на иднината. Создаден со цел да се подигне свеста за потребите и предизвиците со кои се соочуваат децата, како и промовирање на заштита и охрабрување на правата на детето ширум светот. По тој повод Europe House Струмица и Библиотека Благој Јанков Мучето Струмица, вчера го одбележаа овој ден во Градската галерија - Струмица и со тоа го заокруживме Карванот на читање, со деца од основните училишта од Струмица и регионот, кој се одвиваше во почетокот на месец ноември.

ЛУ Библиотека „Благој Јанков Мучето“ ја посетија ученици од ПОУ „Мануш Турновски“ с. Зубово, со наставничките Весна Котева, Ленче Божинова, Јорданка Георгиева и Саветка Глигоровска. Учениците се запознаа со начинот на работа во Библиотеката и заеднички ги обработивме лектирите „Зоки Поки“ и „Итар Пејо“.

Ноември со својата магија на паѓање на лисјата и ладните вечери, нашиот Читателски Клуб, организиран од Europe House Струмица заедно со Библиотека Благој Јанков Мучето Струмица, во топла и пријатна атмосфера одржаа еден нов, поинаков Book club. Овојпат, уживавме во една кратка новела „Отпечаток во времето", со поднасловот „Подарокот на Џо". Станува збор за дело на бугарскиот автор Иво Иванов од книгата „Линијата на среќата". Читавме и зборувавме за свои животни искуства.
Во вториот дел, се запознавме со моќта на Кокологијата (јапонска техника) и заедно обработивме психолошки игри, преку кои ги запознавме нашите скриени емоции и реакции.
Модератори на читателското патување се младата писателка Рената Атанасова, м-р Аница Глигорова Милева библиотекар советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар.

**Декември**

Учениците од ПОУ „Мануш Турновски“ – Ново Коњарево, Смоларе и Дражево со наставниците Елизабета Шопова, Валентина Марковска, Ангелина Јевтимова, Даниел Христов и Јован Христов беа во посета на ЛУ Библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица. Учениците се запознаа со начинот на работа во Библиотеката, а воедно се одржа и едукативен час на кој беа промовирани книгите „20 неверојатни момчиња кои го променија светот“ и „20 неверојатни девојки кои го променија светот“ - приказни за личности со големи сништа, огромен талент и неверојатна упорност кои станале големи мажи и големи жени.

Вработени од ЛУ Библиотека „Благој Јанков Мучето“ во просториите на Europe House Strumica на учениците од III$^{б}$ и III$^{в}$ одделение од ООУ „Сандо Масев“, Струмица, со наставниците Билјана Гошева и Наталија Дикова им одржаа едукативен час преку промоција на книгите „20 неверојатни момчиња кои го променија светот“ и „20 неверојатни девојки кои го променија светот“ - приказни за личности со големи сништа, огромен талент и неверојатна упорност кои станале големи мажи и големи жени.

Учениците од ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село, IV$^{а}$ и IV$^{б}$ одделение, со одделенските наставници Мирјана Тодорова и Лора Узевска беа во посета на ЛУ Библиотека „Благој Јанков Мучето“, Струмица. Учениците се запознаа со начинот на работа во Библиотеката, а воедно се одржа и едукативен час на кој беа промовирани книгите „20 неверојатни момчиња кои го променија светот“ и „20 неверојатни девојки кои го променија светот“ - приказни за личности со големи сништа, огромен талент и неверојатна упорност кои станале големи мажи и големи жени.

На 11 декември во просториите на нашата библиотека, се доделија награди по повод распишаниот конкурс за литературни творби посветени на Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици.

Вработените во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица, м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар од 14 до 16 декември зедоа учество на XX Меѓународна конференција на Библиотекарското друштво на Србија во Врњачка Бања, со труд на тема - Библиотечните простори во физичкото и виртуелното опкружување.

Europe House Струмица заедно со Библиотеката, го одржаа декемврискиот Book club, кој се одржа во просториите на библиотека. Оваа читателска дружба ја посветивме на Ацо Шопов, по повод 100 години од неговото раѓање. Во вториот дел повторно се забавувавме со моќта на Кокологијата (јапонска техника) и заедно обработивме психолошки игри, преку кои ги запознаваме нашите скриени емоции и реакции.
Модератори на читателското патување се младата писателка Рената Атанасова, м-р Аница Глигорова Милева библиотекар советник и Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар.

Локална установа библиотека Благој Јанков Мучето Струмица

в.д. директор

Денис Мустафов